РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр. 09-07
03-01 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 67 од Статутот на Општина Бутел ("Службен гласник на Општина Бутел" бр.3/14 и 12/14), и член 84 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност а во согласност со Проектот за работно ангажирање на невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на општина Бутел бр. 09-07 од 03.01.2022 година, Градоначалникот и Одделението за комунална хигена на Општина Бутел, објавува

Јавен повик
за работно ангажирање на невработени лица преку организирање на јавни работи
на територија на Општина Бутел

1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

- Предмет на јавниот повик е работно ангажирање на 50 невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на општина Бутел во согласност со Проектот за работно ангажирање на невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на општина Бутел бр. 09-07 од 03.01.2022 година.
- Средствата се планирани во Буџетот на Општина Бутел за 2022 година, во програма Ј4 – Јавна чистота.
- Проектот е во времетраење од 12 (дванаесет) месеци.

2.ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Лицата заинтересирани за извршување на јавни работи на територија на Општина Бутел треба да ги исполнат следните критериуми:

- Да се долгорочно евидентирани како невработени и социјално загрозени лица во Агенција за вработување, со средно и понизок степен на образование, кои се ниско квалификувани и повозрасни лица.

3.НАЧИН И РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА

Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 2 на овој Јавен повик заинтересираните лица до Одделението за комунална хигена, преку архивата на Општина Бутел, треба да ги достават следните документи:

- Барање за работно ангажирање за извршување на јавни работи на територија на Општина Бутел;
- Потврда од Агенцијата за вработување дека е невработено лице.
- Фотокопија од лична карта и трансакциска сметка

**Јавниот повик за избор трае од 04.01.2022 до 09.01.2022 год.** Избраните кандидати ќе бидат писмено известени.

Број 09-07/3
Скопје, 03.01.2022

Одделение за комунална хигена
Зоран Павлески с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БУТЕЛ СКОПЈЕ